<u>ПРЕДЛОГ</u>

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 10 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на ден 4.7.2023 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за одобрување на исплата на парични средства по основ на награда

### Член 1

На Борислав Трповски, поранешен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје, му се одобрува исплата на парични средства во нето-износ од 540.000 денари, по основ на награда за неговиот 30-годишен ангажман во Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје и во нејзините правни претходници и за неговиот позитивен придонес за развојот на Банката во стабилен правен субјект во банкарскиот систем на Република Северна Македонија.

Во согласност со законските прописи, на наведениот износ Банката треба да плати данок на личен доход.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Собрание на акционери**
**Претседавач**

_________________________

**О б р а з л о ж е н и е**

**Кон Предлог – одлуката за одобрување на исплата на парични средства по основ на награда**

На 14.2.2023 година, Борислав Трповски, до Собранието на акционери на Банката, поднесе писмена оставка од функцијата член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје.

Со влегувањето во сила на поднесената писмена оставка на ден 20.4.2023 година, на Борислав Трповски му престана членството во Надзорниот одбор на Банката, каде што беше член од 1993 година, кога и се основани правните претходници на Банката.

Во текот на 30-годишното членство во Надзорниот одбор на Банката и во нејзините правни претходници, Борислав Трповски, со неговиот професионален, стручен и активен ангажман, даде значаен позитивен придонес во изградба на стабилен правен субјект во банкарскиот систем во Република Северна Македонија, со модерно корпоративно управување.

Од овие причини се предлага Собранието на акционери ја усвои предложената одлука.